РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 1176/13
04 -11- 2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24 – та седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Предметот со бр. 09-1176/1 од 26.03.2025 година, оформен против службеното лице Драган Ѓоргиев, В.Д. директор на Националната установа ------------- ------------------ и член на Управниот одбор на НУ Центар за култура ------------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат но поради промена на фактичката состојба, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 09-1176/1 од 26.03.2025 година е оформен по пријава од непознат подносител, со наводи дека лицето ------------------ ја извршува функцијата ВД директор на Националната установа – ---------------------, во исто време ја врши и функцијата член на Управниот одбор на Домот за ------------------, исто така е и член на извршниот одбор во Библиотекарско здружение на Македонија - БЗМ. Во пријавата исто така постојат наводи и дека --------------- како именувано лице нема доставено Образец – Анкетен лист.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Заради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба, Државната комисија се обрати до сите релевантни институции и прибираше документација по што го утврди следното:

Лицето ---------------- е именуван за вршење на функцијата В.Д. директор на НУ ---------------------------------- од страна на Министерството за ------------- со Решение за именување вршител на должноста директор на НУ У---------------------- со бр. 44-10851/4 од 11.12.2024.

Лицето --------------------- ја вршел функцијата член на Управниот одбор на НУ ------------------- до поднесување на неотповиклива оставка, односно истиот доставил Известување со бр. 03-71/1 од 03.02.2025 година дека си дава неотповиклива оставка од член на Управниот одбор на НУ -------------------, поради судир на интереси согласно член 44 став 4 од ЗСКСИ, од причина што бил именуван за ВД директор на Националната установа – -----------------. Исто така согласно неговата поднесена оставка, од страна на НУ ------------------ до градоначалникот на општина ------------ е доставено барање со бр. 03-81/1 од 05.02.2025 година за назначување на член на Управниот одбор на НУ ---------------- како претставник на локалната самоуправа, за да се достави до Министерството за ------------------.

Понатаму, Државната комисија се обрати до општина ------------------ во врска со тоа дали е постапено по доставеното Барање од страна на НУ ---------------------------, по што констатира дека за член на Управниот одбор на оваа установа е предложено лицето --------------------- вработена во ООУ „ --------------------.

Државната комисија исто така изврши поверка во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, при што констатирано дека службеното лице ----------------- во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на именувањето за вршење на функцијата В.Д. директор на Националната установа – ---------------------, нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси, по што таа состојба е спротивна на член 82 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и претставува прекршок казнив по член 109 став (1) алинеја 1 од истиот закон.

Согласно наведеното, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр. 09-1176/8 од 04.07.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-1176/9 од 04.07.2025 година со што истите беа доставени до службеното лице. Од страна на службеното лице --------------- е извршена уплата на глобата во износ од 9287,00 денари за што истиот има доставено доказ до Државната комисија.

После повторна проверка во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, Државната комисија констатира дека лицето --------------- ја исполнил обврска од член 82 став (1) и став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно до Државната комисија поднел Изјави за имотна состојба и интереси за именување на функцијата В.Д. директор на Националната установа – --------------------- со бр. А.0801-2272/1 од 02.09.2025 година и Изјави за имотна состојба и интереси за престанок на вршење на истата функција со бр. А.0801-2272/2 од 02.09.2025 година. Имено, лицето повеќе не ја извршува наведената функција, за директор на Националната установа – -------------------- е именувано лицето ----------------.

Државната комисија до Министерството за култура и туризам испрати дополнително барање во врска со тоа дали лицето --------------- е разрешен од функцијата член на Управниот одбор на НУ Центар за култура „ ----------------, бидејќи Државната комисија е известена од страна на општина ----------- дека е предложено друго лице за вршење на оваа функција, по што Министерството за ---------------- извести дека лицето -------------- е разрешен од функцијата член на Управен одбор на НУ ------------------, со акт Решение бр. 44-5897/2 од 24.07.2025 година.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, Државната комисија оцени дека во конкретниот случај кај пријавеното службено --------------- не е утврдено постапување спротивно на законските одредби од член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Ова од причина што пријавеното службено лице ----------------- самоиницијативно има поднесено до НУ ----------------- неотповиклива оставка од функцијата член на Управниот одбор на НУ ----------------- со образложение дека за споменатата функција има забрана согласно член 44 став (4) од ЗСКСИ бидејќи во исто време ја врши и функција В.Д. директор на Националната установа – ----------------------, но и поради настаната промена на фактичката

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

состојба, лицето не ги извршува двете функции за кои беше поднесена пријава и оформен овој предмет.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ.– член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk